Томо ТОМОСКИ

# СТАН НЕ Е СТАГ

Топонимот Стан (Stanum, Στανον, Stano) е познат од византиските наративни извори како и од еден акт напишан на латински јазик. Тој е забележан како воен пункт во војната што Византија ја водела против просечкиот кнез Добромир Хрс, како и во борбите за македонски предели што се разгореле меѓу никејските и епирските војски во средината на XIII век (1259 год.). Исто така Стан се споменува како составен дел на провинцијата Прилеп и Пелагонија во договорот на венецијанскиот дужд Енрико Дандуло и крстоносците од 1204 год.[1])

Најстар познат обид да се одреди положбата на Стан потекнува од средината на XIX век. Тогаш Tafel и Thomas во коментарот што го дале за Prouintia Prilapi et Pelagonie cum Stano го означиле Стан како град што лежел во Горна Македонија (Stanum superioris Macedoniae urbem). Притоа, раководени од податоците на изворите што ги навеле во коментарот, тие се определиле за таа територија, но не можеле во неа да го покажат местото каде што лежел градот.

Подоцна, во почетокот на втората деценија на XX-иот век бугарскиот историчар П. Мутафчиев, пишувајќи за владетелите на Просек, меѓу другото напишал дека против Мануил Камиц, кој бил сојузник на Добромир Хрс во борбата против царскиот двор, тргнал лично византискиот цар Алексиј и дека притоа тој „бил изгонет“ „најсетне и од последното му убежиште, крепоста Стан во Тесалија“.[2]) Мислењето на П. Мутафчиев за положбата на Стан во Тесалија било прифатено во бугарската историографија и се одржало до денес. Меѓу првите што го подржал тоа тврдење бил В. Златарски. Тој го идентификувал Стан (Στανος) со Стаг (Σταγῶν) кај денешна Калабака во Тесалија, познат од

---

[1]) G. L. Fr. Tafel und G. M. Thomas, Urkunden zur älteren Handels- und Staatsgeschichte I Theil (814—1205), Wien 1856, str. 486, bel. 3.

[2]) П. Мутафчиевъ, Владѣтелитѣ на Просекъ, Сборникъ на българската академия на наукитѣ I, София 1913, 37 и 38.

третата грамота на Василиј II дадена на Охридската архиепископија. Според него М. Камиц барајќи потпор во ромејското население во Тесалија „гонет од императорот се затворил во градот Стан, но од таму како од едно неосвоиво засолниште бил изгонет“.,[3]) Како што се гледа В. Златарски дошол до таков заклучок врз основа на несоодветно интерпретирање на зборовите на Никита Хонијат. Навистина еднаквоста на првите три букви кај двата топоними наведува на помисла дека станува збор за исто место со два облика во пишувањето.

Веднаш треба да се каже дека тесалискиот Стаг(и) во историските извори постојано се пишува со „г“ на крајот. Така е забележан и во наведениот пример од грамотата на византискиот цар Василиј II, а така е напишан и во други историски извори во XIII и XIV век. На пример во третата простагма на царот Симеон Урош дадена на стагскиот скит Метеора во мај 1362 година е наведен на неколку места кефалија на градот Стаг.[4])

Освен тоа и изворот на кој се повикува В. Златарски, а тоа е Никита Хонијат, не дава основа да се идентифицира Стан со Стаг. Имено во текстот стои дека царот го протерал М. Камиц од Тесалија, делумно бил присилен со сила, а делумно се повлекол по своја волја. Најодзади царот го истерал Камиц исто така од самиот Стан, каде што тој се сокрил како во едно неосвоиво прибежиште.[5])

Од зборовите на Н. Хонијат јасно се гледа дека Стан лежел надвор од Тесалија. Градот бездруго треба да се бара поблизу до матичните предели на Добромир Хрс. На таков заклучок наведува како развојот на воените операции, така и податоците од по еден грчки и латински извор. Имено, во веќе споменатиот акт за поделба на византиската територија меѓу Венеција и крстоносците од 1204 година, се забележани покрај другите и две провинции што до пред неколку години (1198 г.) биле единствена административна единица па потоа се разделила на Prouintia Moliscu et Moglenon и на Prouintia Prilapi et Pelagonie cum Stano.[6]) Во случајот Стан бил придружен кон Пелагонија што

---

3) В. Н. Златарски, История на българската държава презъ срѣднитѣ вѣкове III, София, 1940, 144, бел. 2.

4) Καστρον (τῶν) Σταγων, Александар Соловјев и Владимир Мошин, Грчке повеље српских владара, Београд 1936, XXXIII, 6, 25 и 84. За употреба на името Стаги и стагиски скит види и кај Божидар Ферјанчиќ, Тесалија у XIII и XIV веку. Београд 1974.

5) Nicitae Choniatae, Historia Bonnae, 1835, p. 709. Спореди и Die Kreuzfahrer erobern Konstantinopel, Graz, Wien, Köln, p. 109 Franz Grabler што го превел на германски јазик делото на Н. Хонијат смета дека е Станос веројатно Станимака. Меѓутоа, таа убикација не доаѓа предвид бидејќи тврдината Станимахос се наоѓала далеку од територијата на која се воделе борбите меѓу Добромир Хрс, односно М. Камиц и Цариградскиот двор.

6) Tafel und Thomas, нав. дело, 262.

укажува на административна врска со неа. Ова сознание нè доближува донекаде до географската положба на Стан. Градот бездруго треба да се бара на територијата на споменатата провинција.

Во утврдувањето на идентитетот на Стан секако придонесува и широкото прикажување на Георги Акрополит за никејско-епирските односи во средината на XIII век. Тој бил претор со седиште во Прилеп и активно учествувал во воено-политичките настани во западните предели на Византија. Поради тоа неговите информации како доказ за нашата тема имаат голема вредност. Г. Акрополит во своето дело меѓу другото пишува дека едно време епирската власт се протегала до р. Вардар. Во дадена ситуација царот Михаило VIII Комнин го испратил својот брат севастрократорот Јован со војска во западните предели против епирскиот деспот Михаило II, кој со војска бил улогорен во земјите околу Костур. Никејската војска движејќи се преку Воден и Владовската Клисура достигнала до Охрид и го презела градот; набргу потоа, по кратка опсада, се предал и силно утврдениот град Девол.[7] Патем, во 1259 година, целата страна околу тие градови му се потчинила и потпаднала под никејска власт и тоа: Преспа, Пелагонија, Соск и Молско.[8] Едновремено, епирската војска тргнала од Костур за Прилеп по патот што водел на Молско, потоа преку преминот кај с. Церово (Клади — кој е познат и под името Килит Дервен) на Крушоради (Ахлада во близина на Сетина) за да го продолжи движењето, преку р. Црна кај с. Брод, по источниот раб на Пелагониското Поле за Прилеп. Движејќи се по тој пат, епирската војска, според Г. Акрополит одвај ги одминала Стан, Соск и Молско.[9] Имено, при преминот преку магистралниот пат, епирската војска била пречекана со засилени напади кај Борила Лонгос, во близината на раскрсницата на споменатите комуникации.[10]

---

[7]) За положбата на Девол види ја мојата статија: По трагата на средновековниот град Девол. Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје 1 (27), 1975, 187—200.

[8]) За географската положба на Преспа, Пелагонија и Преспа види ги моите статии: Преспа во средниот век, Историја XV, 2, 1979, 49—80; Молиск—Молско—Молескова (Лескова)—Лехово. Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје 3 (29), 1977, 176 и Butella civitas Pelagoniae, Историја XVI, 2, 1980, 17—21.

[9]) Georgii Acropolitae, Opera, rec. A. Heisenberg I, Lipsiae 1903, 169, 20. Спореди: Извори на българската история XV, София, 1971, 209 и бел 3. Таму, во коментарот Михаил Воинов пишува за Стан дека е град, денешна Калабака. Очевидно се работи за несогледување, бидејќи Калабака лежи далеку на југ во Тесалија и била оддалечена и од боиштето и од движењето на епирската војска од Костур во правец кон север. Освен тоа Стагиј се среќава заедно со други места во Тесалија, како што се Лариса, Домокос, Фарсала и Трикала. Б. Ферјанчиќ, нав. дело, 70.

[10]) В. Златарски дава своја верзија на судирот меѓу никејската и епирската војска. Тој ја отфрла помислата дека се случил „капитален судир" и тоа во Пелагонија. Притоа, тој не можел да го определи местото кадешто се развивале воените операции, ниту да ја одреди положбата на Борила Лонгос. В. Златарски сепак допушта дека имало воени дејствија меѓу двете

Благодарејќи на тоа известување од Г. Акрополит може да се зацрта територијата во која лежале градовите Стан, Соск и Молско. Таа се протегала од с. Крушоради на север до исушеното Рудничко Езеро на југ, кадешто и се издигал градот Молско. При убицирањето на Стан треба да се има предвид и податокот од Partitio regni Graeci според кој тој лежел наблизу до Пелагонија. Во тој предел, кон крајот на X и почетокот на XI век постоел тврд град познат под име Сетина (Σέταινα). Градот бил изграден кај Г. Сетина, источно од с. Крушоради, во пазувите на планината Ниџе на месноста Кале (Големо Кале, Град Кале) и на составот на Стара Река со Речица.

Во Сетина Самуил имал свои дворци. Во 1017 година византискиот владетел Василиј II навлегол длабоко во Македонија и достигнал до градот Костур. На враќањето византиската војска ги разорила и запустела околиите на Острово и Молско. Потоа царот се упатил за Сетина, го зазел градот и притоа ограбил големо количество жито, додека сè друго било спалено. Оттаму, Василиј II, откако ја разбил војската на Ј. Владислав, се вратил преку Владовската клисура и Воден за Цариград.[11]) Градот Сетина, според грамотата на Василиј II од 1019 година дадена на Охридската архиепископија, спаѓал во Мегленската епископија. Во административната поделба од почетокот на XIII век Стан ѝ припаѓал на провинцијата Прилеп и Пелагонија. Едновремено Сетина, која била обновена, во црковен поглед влегувала во состав на Мегленската, односно Мегленско-Молската епископија. Во случајот станува збор за еден ист град. На таков заклучок наведува неговата извонредна положба, како и близината на Пелагонија и на комуникацијата Костур—Прилеп.

Tomo TOMOSKI

## STAN IS NOT STAG

### Summary

The toponym Stan is known By Byzantian sources as an act written in English. The oldest up to now known attempt to determine the position of Stan originates from Tafel and Thomas. According to them the town lied in the Upper Macedonia. The Bulgarian historian P. Mutafčiev has stated the castle of

непријателски војски и тоа во пределот меѓу Пелагонија и Бер. В. Златарски, нав. дело, 486, бел. 1; М. Живојиновић „место Борила Лонгос" го става „на подручје између Пелагоније и Касторије". Мирјана Живојиновић, О Јовану Палеологу, брату Михаила VIII, Зборник Филозофског факултета XIV —1, Београд, 1979, 105.

[11]) Византијски извори за историју народа Југославије III, Београд 1966, 122.

Stan in Thessaly. This statement was accepted by the Bulgarian historiography and was kept up to the present day. Zlatarski has identified Stan with Stag with the present day Kalabaka in Thessaly. We have to say that the Thessaly's Stag is permanently written in the historical sources by „g" at the end. The Byzantian writer Nikita Honijat whom V. Zlatarski relies upon does not give rise to identify Stan with Stag. We can see from N. Honijat's statement that Stan was outside Thessaly. During identifying of the town we should have in mind the act about Byzantium teritory partition between Venice and the crusades in 1204. More of the provinces have been noticed in it: Prouintia Moliscu et Moglenon and Prouintia Prilapi et Pelagonie cum Stano. The two provinces have been one administrative unit in 1198. In this case Stan was joined to Pelagonia which points out the administrative connection with it. Certifying the identity of Stan of course, contributes to a large survey of G. Akropolit about the Nickeyan and Epirus relations in the middle of the XIII century. Thanks to this information we might face the teritorry including the towns of Stan, Sosk and Molsko. Towards the end of the X and the beginning of XI century in that area there was a town known under the name of Setena. It was built on the eastern part from the village of Krušoradi in the region of Kale. In other words this is the same town.